**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | **Градоначалник на Град Скопје** |
| ИЗГОТВУВАЧ: | **Сектор за сообраќај** |
| ПРЕТСТАВНИК: | **Раководител по овластување на Градоначалник / Пом. раководител на Сектор за сообраќај** |
| ПОВЕРЕНИК: | **Претставник од Сектор за сообраќај** |

# П Р Е Д Л О Г – О Д Л У К А
# ЗА ДАВАЊЕ НА СУБВЕНЦИИ НА ЈП УЛИЦИ И ПАТИШТА – СКОПЈЕ ЗА 2024 ГОДИНА

**Скопје, септември 2024 година**

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“, бр. 5/02), и член 8-б од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/96,9/97, 6/02,40/03,49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19 и 89/22) Советот на Град Скопје на _________ седница, одржана на ___.___.2024 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА СУБВЕНЦИИ НА ЈП УЛИЦИ И ПАТИШТА – СКОПЈЕ**
**ЗА 2024 ГОДИНА**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Градот Скопје му дава субвенции на „ЈП Улици и Патишта“ - Скопје и тоа:

- Субвенции за одржување и оперативни трошоци на Центар за управување и контрола на сообраќај во износ од 20.000.000,00 (дваесет милиони) денари;

**Член 2**

Средствата за оваа намена се предвидени во Буџетот на Град Скопје за 2024 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува на сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Град Скопје“.

Број -
_________2024 година
Скопје

С О В Е Т Н А Г Р А Д С К О П Ј Е
ПРЕТСЕДАТЕЛ

Трајко Славески

**О б р а з л о ж е н и е**

Со член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија", бр. 05/02) е утврдена надлежноста на Советот на Град Скопје. Со член 8-б од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр.38/96, 6/02,40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19 и 89/22) уредени се финансиските односи меѓу државата, органите на општините и органите на градот Скопје и јавните претпријатија и друштвата кои вршат дејност од јавен интерес.

Советот на Град Скопје на дваесет и деветтата седница донесе Одлука со број 07-5829/1 на 26.08.2014 година за пренесување на правото и обврските на користење, управување и одржување на објектот Центар за управување и контрола на сообраќај (ЦУКС) и опремата на системот за автоматизирано управување на сообраќајот (САУС) на Јавното претпријатие Улици и патишта – Скопје каде во член 5 на оваа Одлука објаснето е дека Град Скопје презема обврска од својот Буџет да го финансира целокупното функционирање, управување и одржување на објектот Центар за управување и контрола на сообраќај (ЦУКС) и опремата на системот за автоматизирано управување на сообраќајот (САУС).

Центарот за управување и контрола на сообраќајот (ЦУКС) е место од каде што со примена на информатичките технологии и најновите технолошки достигнувања, се овозможува управување и контрола на светлосните сообраќајни сигнали во реално време во зависност од сообраќајното оптоварување на одреден булевар или улица на подрачјето на Град Скопје.

Управувањето се врши преку навремено прилагодување со максимално искористување на минималното и максималното зелено време со коефициент на преферирање на правците каде се јавува најголем обем на сообраќај и во зависност од типот на сообраќај.

Главни функции на Центарот за управување и контрола на сообраќајот се:

- Прибирање на податоци за сообраќајот
- Управување и мониторинг на семафорскиот систем
- Визуелен мониторинг на сообраќајот
- Информирање на возачите преку знаците со променлива содржина

Придобивките се во тоа што Јавното претпријатие Улици и патишта ќе може да врши прибирање на податоци за сообраќајот во реално време а исто така може и да управува со светлосните сигнали односно семафорите ќе може да се исклучат или да се префрлат да работат на жолто трепкаво светло од самиот Центар, ќе може да ја следи работатата и состојбата на светлосните сигнали во реално време, ќе може визуелно да го набљудува сообраќајот како и да ги информира возачите за состојбата на патиштата преку знаците со променлива содржина.

Врз основа на погоре наведеното, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за давање на субвенции на ЈП Улици и патишта – Скопје за 2024 година.